Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-130/1
26-01-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-750/1 од 20.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово против ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, за сторена дискримнација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 24.1.2024 година, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи сторена од страна на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово врз [redacted]

## Образложение

На 20.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("**Комисијата**") беше поднесена електронска претставка преку веб страната на Комисијата од страна на [redacted] од Куманово против ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај кога претставката е нејасна, ќе го задолжи подносителот истата да ја доуреди. Од причина што на електронската пријава не беше наведено образложение за изнесеното тврдење за дискриминација, Комисијата на ден 25.10.2023 година испрати Барање за доуредување бр. 08-750/2 до подносителот, со кое го задолжи истата да ја доуреди во насока што ќе наведе факти и околности за пријавениот случај на дискриминација.

На ден 30.10.2023 година, подносителот поднесе нова електронска претставка во која наведе дека се работи за намалување на личен доход од 2806 денари во однос на други вработени, а бидејќи е административен службеник.

Во прилог достави:

- Договор за вработување бр. 04-1490/122 од 19.10.2016 година помеѓу ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово и [redacted]
- Решение бр. 04-663/70 од 27.6.2022 година.

Следниот ден, на 31.10.2023 година подносителот испрати ново доуредување на електронската адреса на Комисијата во кое наведе дека претставката ја поднесува против:

- Претседателката на Управниот одбор на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, [redacted] вработена во ЈУ Библиотека Тане Георгиевски- Куманово, бидејќи донела одлука за ставање вон сила спогодба која е донесена од страна на Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Северна Македонија (**"СУТКОЗ"**) и
- [redacted] бидејќи подносителот како административен службеник го дискриминирал по член 3 став 2 алинеја 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно при работа и работни односи, на начин што на него и на 17 други административни службеници им се намалил личниот доход, а на останатите во претпријатието им се зголемил, со што се јавила разлика во плата и било ускратено еднаквото уживање на права со останатите вработени.

Смета дека е дискриминиран во однос на други вработени- даватели на јавна услуга и помошно-технички персонал, а во однос на 2806 денари кои му се намалени од личниот доход од страна на Управниот одбор на претпријатието.

Во прилог достави:

- Спогодба за постигнување на согласност помеѓу ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, Синдикална организација при ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово и СУТКОЗ;
- Одлука бр. 02-1082/6 од 9.10.2023 година за ставање вон сила на Одлуката за линеарно зголемување на платата на вработените во ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово бр. 02/656/3 од 23.6.2022 година и
- Пресметка на плата за месец септември 2023 година за [redacted]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 6.11.2023 година испрати Известување бр. 08-750/5 за произнесување по наводите од претставката до ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово.

На ден 6.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, преку адвокат [redacted] од Куманово.

Во однос на првиот став од доуредувањето на претставката, наведуваат дека истиот е фактички погрешен затоа што претседателката на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово нема донесено одлука за ставање вон сила на спогодба донесена од страна на СУТКОЗ. Известуваат дека таа самата не може да донесе никаква одлука од причина што само претседава со Управниот одбор, кој одлучува колективно, и во кој претседателката има право на еден глас, односно самата не е мнозинство. Понатаму појаснуваат дека од страна на Управниот одбор не била донесена одлука за ставање вон сила на спогодба, туку одлука за ставање вон сила на друга одлука со која на раководниот орган му е одобрено да склучи спогодба. Последно во однос на овој став, информираат дека спогодбата на која подносителот реферира не е донесена од страна на СУТКОЗ, бидејќи спогодба како акт склучуваат две или повеќе страни кои за тоа изразиле слободна волја, а не една страна.

Во однос на вториот став од доуредувањето на претставката, наведуваат дека е нејасно како бил дискриминиран подносителот, односно како му било ускратено било кое право. Информираат дека ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово донело Правилник за плати кој е во целост усогласен со Законот за минимална плата и дополнително биле донесени соодветни решенија за секој од вработените и анекси на нивните договори за вработување. Усогласувањето на платите на вработените, меѓу другото и согласно забелешките на Државниот завод за ревизија, предизвикало ситуација во која на дел од вработените им била намалена платата, но тоа било исклучиво резултат на позитивните законски прописи.

Во однос на третиот став од доуредувањето на претставката, наведуваат дека Одлуката бр. 02-1082/6 од 9.10.2023 година е законита и базирана на член 96 став 3 од Законот за општата управна постапка, односно со таа одлука основано и законито била ставена вон сила претходната Одлука бр. 02-656/3 со оглед дека истата престанала да важи поради исполнување на целта за која била донесена. Информираат дека согласно првата одлука и спогодбата склучена врз основ на таа одлука, зголемувањето на платата кое било договорено ќе биде усогласено со последните измени на Законот за минимална плата. Волјата и намерата на јавното претпријатие поради кои била склучена оваа спогодба било основано да биде исплаќана минималната плата на сите вработени, односно да биде спречено во финансиската документација да биде присутна ставка „доплата до минимална плата", каков што е случајот со голем број на институции. Потребата од оваа одлука изостанала со донесувањето на последниот Правилник за плати на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, кој е усогласен со Законот за минимална плата, како и со донесувањето на соодветни решенија и анекси на договорите за вработување за секој од вработените. Поради ваквата фактичка состојба, Управниот одбор на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово заклучил дека била исполнета целта за која првата одлука била донесена и со втората одлука истата ја ставил вон сила.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката смета дека заедно со 17 други вработени административни службеници се дискриминирани во однос на сите останати вработени во ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, поради намалување на нивниот личен доход за 2806 денари, што е наводно сторено со Одлука бр. 02-1082/6 од 9.10.2023 година на Управниот одбор на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово.

Предметната Одлука бр. 02-1082/6 ја става вон сила Одлуката за линеарно зголемување на платата на вработените во ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово бр. 02-656/3 од 23.6.2022 година. Согласно образложението на Одлуката бр. 02-1082/6, Управниот одбор го разгледал и усвоил новиот Правилник за плати на вработените во ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово бр. 02-1028/2 од 9.10.2023 година, а исто така и донел Одлука за зголемување на плата бр. 02-1082/3 од 9.10.2023 година, а согласно новиот Општ колективен договор за јавен сектор. Со самото носење на овие акти, Одлуката бр. 02-656/3 станала неиздржана, односно не се вклопува во законската регулатива за пресметка и исплата на плата на вработени во јавен сектор. Следствено на ова, биле донесени соодветни решенија и анекси на договорите за вработување на вработените во претпријатието.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Во оваа насока, **член 8 став 1** од Законот ја дефинира директната дискриминација:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Земајќи ја предвид фактичката состојба, а во контекст на горе цитираните одредби, Комисијата не пронајде факти и околности кои упатуваат на тоа дека кон подносителот на претставката било постапувано понеповолно во однос на останатите вработени во истото претпријатие од страна на претседателката на Управниот одбор и ВД Директорот.

Имено, од ставањето вон сила на Одлуката бр. 02-656/3 биле засегнати сите вработени подеднакво и за сите вработени биле донесени нови решенија и анекси на договорите за вработување. Оттука, разликата во плата која се јавила помеѓу подносителот на претставката и останатите вработени не е резултат на дискриминаторско постапување од страна на Управниот одбор на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, туку на позитивните законски регулативи кои важат во моментов, а кои се однесуваат на пресметката и исплатата на плати на вработените во јавниот сектор, какви што се Правилникот за плати на вработените во ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово бр. 02-1028/2 од 9.10.2023 година, Одлуката за зголемување на плата бр. 02-1082/3 од 9.10.2023 година и Општиот колективен договор за јавниот сектор од 18.7.2023 година.

Врз основа на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и не утврди дискриминација сторена од страна на раководството на ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово врз [redacted]

Скопје
26.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- ЈП „Чистота и зеленило"- Куманово, ул. Братство единство 66, 1300 Куманово